ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 14-284/1**

**Дата: 19.02.2014**

**ДО**
**ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија имаше обврска да изврши ревизија на финансиските извештаи за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност на Политичка партија Сојуз на Ромите од Македонија (во натамошниот текст Сојуз на Ромите) на сметката за редовно работење.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на политичката партија Сојуз на Ромите од Македонија за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на Сојуз на Ромите за 2012 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година ревизијата констатира дека:

- Презентирани се три (3) различни сета на финансиски извештаи кои содржат различни износи презентирани во Билансот на приходи и расходи за 2012 година,
- Годишната сметка[1] и Годишниот финансиски извештај не се доставени до Државниот завод за ревизија и не се објавени на веб страната на партијата,
- извршени исплати на парични средства во текот на известувачкиот период по донесени интерни акти/одлуки и друго на име „за изборна кампања“

[1] На ден 15.11.2013 и на ден 16.12.2013 година до Државниот завод за ревизија, партијата достави Годишни сметки.

- непрезентирање на акти за уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физички лица сопственици на деловен простор.

Надлежните органи и законскиот застапник на партијата потребно е да преземат мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на донации;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации, како и
- отсуство на изработени пречистени закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Извршивме обелоденување за неостварени приходи од наплатени средства на име членарини.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1085/3 од 31.12.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 12 до 13) заедно со ревизија на усогласеност на сметка за редовно работење на Политичката партија Сојуз на Ромите од Македонија за 2012 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на политичката партија Сојуз на Ромите од Македонија, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Амди Бајрам, претседател на Сојуз на Ромите од Македонија од 12.01.1998 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Сојуз на Ромите од Македонија се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кој требаше да биде предмет на овој извештај, требаше да биде заснован врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре беше планирана за периодот од 25.10.2013 до 28.10.2013 и се изврши од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорното лице на Сојуз на Ромите од Македонија, одржан на ден 13.12.2013 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1085/3 од 31.12.2013 година.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Во текот на извршувањето на ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година на Политичката партија Сојуз на Ромите од Македонија, до Државниот завод за ревизија и до ревизорскиот тим, достави се три (3) различни сета на финансиски извештаи кои содржат различни износи презентирани во Билансот на приходи и расходи за 2012 година и тоа:

- листинг од обработена Годишна сметка за 2012 година на партијата од страна на Централен Регистар број 0906-24/608 од 16.12.2013 година, изработена врз основа на барање за корегирана завршна сметка за 2012 година, доставено до Централен регистар на Република Македонија на ден 16.12.2012 година, која претставуваше предмет на ревизија;
- Годишна сметка за 2012 година која е во прилог на писмото со кое е извршено доставување на истата до Централениот регистар на Република Македонија на ден 27.02.2012 година;
- Годишната сметка за 2012 и 2011 година кои се прилог кон Извештајот од ревизијата на Годишната сметка на Сојузот на Ромите од Македонија за 2012 и 2011 година, извршена од страна на трговец поединец.

Со направена споредба на податоците од доставените Финансиски извештаи/Биланс на приходи и расходи за 2012 година, ревизијата утврди разлики во делот на искажаните податоци по групи на приходи/расходи и нето вишок на приходи над расходи (детално наведени во Преглед бр. 1 на овој Извештај).
Ваквата состојба не е во согласност до одредбите на Законот и Правилникот за сметководството на непрофитните организации и Законот за државната ревизија и влијаеше на изразеното мислење од страна на ревизијата.

**Препорака**
Законскиот застапник на партијата да превземе мерки и активности со кои ќе обезбеди презентираните податоците во финансиските извештаи да ја одразуваат реалната и објективната состојба на приходите и расходите односно средствата и изворите на средствата и истите да се темелат на уредни и веродостојни сметководствени документи.

3.1.2. Со одредбите на член 26 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека Годишната сметка политичката партија е должна да ја достави до надлежните органи и јавно да ја објави на веб страницата на политичката партија. Со извршената ревизија констатиравме дека Годишната сметка не е доставена во законскиот рок до Државниот завод за ревизија и во исто време на ревизијата не и се презентирани податоци дека истата е објавена согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста за пристап до информацииите од страна на заинтересираните страни.

До Државниот завод за ревизија доставени се Годишните сметки за 2012 година и тоа на ден 15.11.2013 и на ден 16.12.2013 година.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да преземе активности Годишната сметка да ја објави на веб страницата на партијата со што ќе обезбеди податоците на соодветен начин да бидат достапни на пошироката јавност.

3.1.3. Со одредбите на член 27 и 27-а од Законот за финансирање на политичките партии е утврдена обврската за изготвување и доставување на Годишен финансиски извештај до Државниот завод за ревизија како и негово објавување на веб страницата на политичката партија, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година. На ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишниот финансиски извештај е изготвен, доставен и објавен согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста до пристап на информацииите кои ги дава истиот од страна на заинтересираните страни, како и на остварување на правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да преземе мерки за навремено изготвување на Годишниот финансиски извештај, негово доставување до Државниот завод за ревизија и негово објавување на веб страницата на партијата и обезбеди податоците на соодветен начин да бидат достапни на пошироката јавност.

3.1.4. Со извршената ревизија на искажаните износи во деловните книги за известувачкиот период и приложената поткрепувачка документација ревизијата утврди извршени исплати на парични средства и тоа како што следува:

- извршени се исплати во готово во износ од 905 илјади денари (што претставува 49,5% од вкупните расходи на партијата) врз основа на три Одлуки донесени на 15.01., 15.06. и 15.09.2012 година. Намената на средствата е со опис „непречено функционирање на (19) деветнаесете

ограноци и подготовка за локалните избори за периодот јануари – јуни, јули – декември 2012 година",

- за средствата во износ од 845 илјади денари приложени се каси исплати со дати од 2012 година без да се приложат други уредни веродостојни документи за потврдување на конкретните расходи, а за износот од 60 илјади презентирани се каса исплати од ден 18.02 и 01.07.2013 година и за кои не се приложени уредни и веродостојни документи,
- извршено е плаќање по фактура во износ од 911 илјади денари со опис за извршен превоз на патни релации низ Македонија за кампања на партијата, без притоа во прилог на фактурата да бидат приложени дополнителни податоци на конкретните релации за извршената услуга.

Ваквата состојба не е во согласност со член 69-а став 2[2] и член 71[3], од Изборниот законик и член 9 од Законот за финансирање на политичките партии[4], и влијае на квалитетот на информациите кои ги дава финансискиот извештај и законското постапување односно наменското користење на средствата добиени за редовното работење на партијата.

**Препорака**

Законскиот застапник да превземе мерки и активности со кои ќе се обезбеди средствата добиени за редовното работење на партијата да се користат за намените утврдени со Законот за финансирање на политичките партии и другите законски акти кои се однесуваат на работењето на партијата.

Законскиот застапник на партијата да превземе активности кои ќе обезбедат евидентирањето на трансакциите во деловните книги да се врши врз основа на уредна и веродостојна документација.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

3.2.1 Согласно член 8 од Законот за политичките партии, политичката партија се организираат на територијален принцип. Со извршениот увид во деловните книги ревизорите утврдија дека, партијата не поседува градежни објекти во своја сопственост. На ревизијата и е презентирана Одлука за утврдување на

[2] Член 69-а од Законот за изборниот законик „ изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите"

[3] Член 71 Законот за изборниот законик „Заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања, политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат, пред надлежниот орган задолжително обезбедуваат ЕДБ со назнака "за изборна кампања" и кај носител на платен промет во Република Македонија отвораат трансакциона сметка со назнака "за изборна кампања" и истите не може да се користат за друга намена".

[4] Член 9 од Законот за финансирање на политичките партии „Средствата добиени за годишно финансирање на политичките партии, политичките партии можат да ги користат исклучиво за остварување на своите цели утврдени со закон, статут и други акти на партијата.

бројот на општинските организации на партијата од 18.09.2010 година во која се наведени 37 општински организации на партијата. За седиште на партијата како и за користење на деловен простор за месните, општинските организации на Сојуз на Ромите од Македонија на ревизијата не и се презентирани акти за уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физички лица - сопственици на деловен простор кои партијата ги користи, што не е согласно со одредбите од Законот за облигационите односи. Наведената состојба има влијание на можноста од потврдување на вкупните трошоци во случаите ако партијата користи деловен простор со надомест или на приходите по основ на донација во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да пристапи кон склучување на договори за уредување на меѓусебните права и обврски со сопствениците на деловните простори.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење – за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на политичката партија Сојуз на Ромите за 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи на политичката партија Сојуз на Ромите, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е

уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[5]„.

До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

5.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[6]“. Со извршениот увид во: Правилникот за

[5] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

[6] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[7] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа“. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

5.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

---

Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[7] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481-Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

6.1. Во член 13 став 1 алинеја 1 и во член 14 од Законот за финансирање на политичките партии наведени се приватните извори на финансирање на политичките партии помеѓу кои е финансирањето по основ на членарина, а под членарина се смета редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно одредбите на член 13 од Статутот на политичката партија предвидени се повеќе извори на финансирање на политичката партија меѓу кои и партиската членарина. На ревизијата не и е презентиран акт донесен од законскиот застапник со кој е извршено регулирање на висината и начинот на уплата на членарината. Со извршениот увид во деловните книги ревизијата утврди дека во годината предмет на ревизија не се искажани приходи од наплатени средства на име членарини. Ваквата состојба влијае на можноста на обезбедување на средства за самофинансирање на партијата.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од членарини, подароци и донации и приходи од други извори | - | 16 |
| Други приходи | 1.968 | 1.887 |
| **Вкупно приходи** | **1.968** | **1.903** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 1.522 | - |
| Други расходи | 304 | 75 |
| **Вкупно расходи** | **1.826** | **75** |
| | | |
| **Нето вишок на приходи над расходи** | 142 | 1.828 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.970 | 1.828 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.970** | **1.828** |
| **Вкупна актива** | **1970** | **1828** |

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Пасива** | | |
| **Извори на средства на резервниот фонд** | | |
| Резервен фонд | 1.970 | 1.828 |
| **Вкупно извори на средства** | **1.970** | **1.828** |
| **Вкупна пасива** | **1.970** | **1.828** |